**20251423152**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука, донесе

**КАЛЕНДАР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

Член 1

Со овој календар се утврдува организирањето на учебната година во основните училишта согласно програмските целини во наставната година: полугодие, други форми на воспитно образовната дејност и ученички одмор за учебната 2025/2026 година.

Член 2

Учебната година во основните училишта започнува на 1 септември 2025 година, а завршува на 31 август 2026 година.

Наставната година започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 3

Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.

Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година.

Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година.

Член 4

Во текот на учебната година учениците користат зимски и летен одмор.

Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година.

За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2026 година до 10 јануари 2026 година користат платени работни денови.

Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.

Член 5

Основните училишта од 11 јуни до 19 јуни 2026 година организираат дополнителна настава, поправни испити и одделенски испити, а од 17 август до 21 август 2026 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош на учениците кои треба да полагаат поправни испити и одделенски испити и ги спроведуваат истите.

Член 6

Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела.

Член 7

Во учебната 2025/2026 година наставата се остварува во 180 наставни денови.

Член 8

На денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации.

Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со културни и други манифестации.

Денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми за манифестациите од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 9

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови кога се изведуваат посебни програми.

За учениците кои не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

Член 10

Со денот на отпочнувањето на примената на овој календар, престанува да важи Календарот за организација на работата на основните училишта во учебната 2024/2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 164/24 и 180/24).

Член 11

Овој календар влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 септември 2025 година.

Бр. 12-9053/3
11 јули 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.